МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Октомври 2015
БРОЈ 170

## Ромските организации се уште имаат потреба од поддршката на ПРФ

Претставници од МЦМС и ИнСоК, кои се дел од тимот на програмата Пристап на Ромите до фондови (ПРФ), претставници од 15 ромски организации, корисници на ПРФ услугите, Надир Реџепи, раководител и Шејла Фидани, програмски раководител на проектот на ОСИ „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите“ (МТМ) на 27 октомври 2015 година во просториите на МЦМС разговараа за текот на спроведувањето на активностите, но и за иднината на поддршката од Фондацијата Отворено општество од Будимпешта.

Според МЦМС и ИнСоК, активностите се спроведуваат според планот. Беше истакнато дека во периодот од јануари до август оваа година била поддржана подготовката на 30 проектни идеи кои биле развиени во предлог проекти и поднесени кај различни донатори. Во истиот период шест од нив, со вкупен буџет од 185.148 долари биле поддржани, а за 20 со буџет од 2.893.638 долари се чека одговор.

Претставиците на ромските организации, корисници на ПРФ услугите ги пренесоа своите искуства од нивната досегашна соработка со тимот на ПРФ. Сите тие го искажаа своето задоволство и користа од консултантската поддршка која им беше пружена, посебно истакнувајќи го значењето на јакнење на капацитетите на членовите на нивните организации во процесот на заедничка подготовка на апликации, заедно со консултатните на ПРФ. На средбата се разговараше и за тесните грла и предизвиците со кои се соочуваат ромските организациите.

Според претставниците на ромските организации, нивото на развој на ромските организациите се уште бара поддршка од сегашниот вид. Тие сметаат дека барем дел од активностите треба да продолжат на истиот начин, а за дел може да се бара поинаков начин на функционирање, без притоа да се потпираат само на поддршката на ОСИ. Оваа средба беше дел од мониторинг посетата на донаторот ОСИ, Будимпешта.

## Промоција на првите акциски грантисти на Цивика мобилитас

На 22 октомври 2015 година, Цивика мобилитас ги промовираше првите 15 акциски грантисти. Добитници на акциски грантови се:

- Форум – Центар за стратешки истражувања и документација, Скопје - Зајакнување на капацитетите на месните и урбаните заедници;
- Медиа плус, Штип - Мојата општина и јас граѓанинот;
- Диверзити медиа, Скопје - Глокал дискусии МК;
- Натура, - Мониторинг на процесот на издавање на Б интегрирана дозвола;
- Центар за управување со промени, Скопје - Поголема партиципација – подобри политики и регулативи;
- Црвен крст на Р. М – Црвен крст на град Скопје - Црвен крст во акција – промоција на хумани вредности;
- Организација на потрошувачите на Македонија, Скопје - Зајакнување на капацитетите на граѓанското општество за поттикнување и заштита на потрошувачите и нивните права;
- Еднаков пристап, Скопје - Пристап на жените до правда;
- ГАУС институт – Фондација за нови технологии, иновации и трансфер на знаење - Иницијатива за јакнење на партиципативната култура во урбанистичкото планирање во РМ;
- Институт за општествени и хуманистички науки, Скопје - Граѓанските организации во промоција и застапување на правото на слобода на изразување и застапување;
- „Агропродукт“, Штип - Стоп за миграцијата на земјоделците од ридско планинските подрачја;
- Македонски центар за европско образование, Скопје - Трансфер на знаење за политиките на ЕУ за намалување на разликите меѓу граѓанските организации од скопскиот и другите плански региони, Култ-транзен, Струмица - Развивање и ревитализација на руралните заедници преку уметност и култура;
- Институт за истражување на политики и добро владеење, Скопје - Интеретнички дијалог и соработка помеѓу младите во Македонија
- Центар за ромска заедница „Дром“ - Превенција од современите форми на трговија со луѓе.




*Организациите ги примија сертификатите за првите акциски грантови*

Првите акциски грантови имаат вкупен буџет од над 25 милиони денари и се наменети за поддршка на граѓанските организации кои сакаат да ги промовираат нивните каузи и активности. Вклучуваат оспособување на конституентите; јакнење на односите со граѓаните, заедниците и пошироката јавност; како и влијание за постигнување позитивни општествени промени за што се залага и Цивика мобилитас. На грантистите им честиташе Амбасадорот на Швајцарија во Македонија, неговата екселенција Стефано Лазарото.

## Се одржаа регионалните форуми за вардарскиот и за пелагонискиот регион

Последните два регионални форуми на Цивика мобилитас, за оваа година, се одржаа во Кавадарци и во Битола, на 13 односно на 15 октомври 2015 година.

Претставниците на ГО од вардарскиот регион разговараа за меѓусебната соработка, за проблемите со миграцијата, за видливоста и кредибилитетот на акциите.



*Од регоналниот форум одржан во Битола*

Преставниците на Агрофаланга од Велес го потенцираа недоволното знаење на земјоделците. „Проблем е преголемата супституција на млекото со палмина маст при производството на млечните продукти. Канцерот е зголемен за 30 % во последните 10 години“, истакна Љупче Станковски. „Замената на оригиналните производи резултира со намалување на работните места, лошата исхрана и зголемување на заболувањата“, додаде тој.

Претставниците на граѓанските организации од пелагонискиот регион, во Битола дискутираа на повеќе теми. Sала Бојковска од организацијата Семпер ја потенцираше потребата од сензитирање на професионалците кои работат со жртви на семејно насилство. Според Томе Крстевски од Глобал, потребно е да се зборува за криминалот и корупцијата, затоа што се актуелен, голем проблем. Во Младинскиот културен центар размислуваат за тоа како да ги вклучат младите во нивната работа. Мери Нашоку го потенцираше проблемот со миграциите на младите. „Токму луѓето кои се најквалитетни и биле активно вклучени заминуваат во Скопје или надвор од Македонија“, рече Нашоку.

Според Илија Балтовски од „За нас се работи“ дел од проблемот лежи и во граѓанските организации. „Ние не сме координирани и затоа е тешко да го кренеме својот кредибилитет. Не ја постигнуваме целта поради која сме основани“, рече Балтовски. Во дискусијата за заеднички каузи и акции, се фокусираа на граѓанскиот активизам и заштита од семејно насилство.

## Како до поволно даночно опкружување за граѓанските организации?

На 27 и 28 октомври 2015 г. во Маврово, Проектот ТАКСО и Ресурсниот центар - ТАКСО воден од МЦМС организираа работилницата за даночната рамка на граѓански организации. На работилницата учествуваа шестмина познавачи на даночната легислатива и граѓанското општество, меѓу кои Емина Нурединоска и Симона Огненовска од МЦМС.

Учесниците дискутираа за потребните промени во локалното законодавство, особено, потребата за ревидирање на амандманите од овие два закони кои беа предложени од група на граѓански организации во октомври 2014 г. до министерството за финансии. Клучното прашање за кое треба да се застапува е ослободување од персонален данок на трошоци за службени патувања за лица кои не се во работен однос, а се ангажирани од организациите. Исто така, беше нагласено дополнителното оптоварување на организациите со персоналниот данок кој не се признава од страна на Делегацијата на ЕУ и ЦФЦД во проекти финансирани од ЕУ. Клучната промена кај данокот на добивка траба да биде изземањето на граѓанските организации како даночни обврзници.

## Регионален состанок на сите чинители на ТАКСО проектот

На 6 и 7 октомври во Бечиќи, Црна Гора се одржа регионален состанок на Советодавните групи на проектот ТАКСО. Учествуваа претставници од седум земји од регионот и тоа од советодавните групи на проектот, ресурсните центри на ТАКСО, тимот на ТАКСО, делегациите на ЕУ, како и претставници од Директоратот за соседство и проширување на ЕУ.

Покрај досегашните искуства и најдобрите практики, присутните ги дискутираа и предизвиците и можностите за подобрување на спроведувањето на активностите. Идните планови беа дискутирани во три групи: компонентата за јакнење на капцитети и поддршка на овозможувачката околина за граѓанските организации; потоа, идниот пристап на програмата „Луѓе за луѓе", и подобрувањето на видливоста на граѓанските организации.

# Развиени осум проектни идеи

Македонската канцеларија на ТАКСО, заедно со ресурсниот центар воден од МЦМС, во периодот од 20 до 22 октомври во Маврово спроведе тридневна обука за основи на раководење со проекти – алокација на ресурси и буџетирање.

Оваа обука беше завршна фаза од циклусот на поддршка за раководење со проекти. Учествуваа организациите кои во претходната фаза подготвија логички рамки за проекти на кои планираат да работат во наредниот период и со кои сакаат да се пријават за грант. На обуката учесниците работеа на ревизија на логичките рамки, на дефинирање на индикатори за оценка на успехот на проектот, проценка на претпоставките и ризиците, алокација на потребните ресурси, подготовка на буџет и подготовка на акциски план.

„Обуката беше успешна затоа што преку темелни, стручни предавања и најмногу преку практични вежби научивме како се подготвуваат проекти, како се аплицира пред потенцијални донатори, како се раководи со проекти", истакна Славчо Митевски од „Туристичка иднина". И Самет Абдули од „Заедно за Река" смета дека обуката била квалитетна и создала извонредна прилика за надградба на стекнатите знаења, соработка на високо ниво и добра интеракција помеѓу учесниците. Своето задоволство од обуката не го криеше ни Емилија Илиевска од ЦРЗ ДРОМ. „Се надевам дека ТАКСО ќе продолжи да организира вакви настани", рече таа.



*Практичната работа им помогна на учесниците да ги доразвијат нивните идеи*

На обуката учествуваа 27 претставници од 14 организации. Дел од организациите работеа во партнерство и подготвија заеднички проекти. Беа развиени осум проектни идеи кои опфатија различни теми: учење за човекови права и анти-дискриминација, образование на мајчин јазик кај припадниците од српската заедница, зголемување на интересот за производство на органска храна, ран визуелен скрининг кај деца и др.

# Борбата против корупцијата во ризични сектори во ЈИЕ

На 29 и 30 октомври 2015, во Подгорица, Црна Гора, се одржа регионална конференција на тема „Подобрување на напорите за застапување на граѓанските организации за борбата против корупцијата во ризичните секори во Југоисточна Европа (ЈИЕ): користење на најновите истражувања во процесот на пристапување кон ЕУ". Конференцијата е дел од активностите на мрежата на граѓански организации СЕЛДИ и иницијатива ANTICORRP. Повеќе од 30 претставници на граѓанските организации од десет земји од југоисточна Европа и Турција, членки на СЕЛДИ дискутираа за најдобрите методи за застапување и лобирање за политиките врз основа на резултатите од длабинските истражувања за антикорупција.

Првиот ден учесниците се фокусираа на улогата на граѓанското општество во проценка на влијанието на постоечките антикорупциски мерки и ја истакнаа потребата од поголема соработка со државните институции, медиумите и пошироката јавност. Учесниците ја истакна важноста за функционирање на системот за слободен пристап до информации од јавен карактер, особено пристапот до базите на податоци за јавните набавки, анкетните листови, финансиски ревизии на претпријатијата во државна сопственост, извештаите и препораките на Европската комисија.

На првиот панел се дискутираше како резултатите од истражувањата за антикорупција и добро владеење да се искористат како алатки за застапување и лобирање. Мунир Подумљак, од Партнерството за општествен развој од Хрватска нагласи дека корупцијата има многу форми, и дека истражувањата пред се треба да дадат одговор на прашањето кои се тие форми и како успешно да се справиме со нив. Фокусот на вториот панел беше на методите за застапување за добро владеење во енергетскиот сектор.

Вториот ден од конференцијата, учесниците разменија искуства за зголемување на влијанието на граѓанските организации преку застапување со цел да се постигнат најдобри резултати во напорите за неопходни реформи во ЕУ и национално законодавство. Ханс Гутброд, координатор на Транспарифи (Transparify) го презентираше начинот на рангирање на граѓанските организации според стандардите за транспарентност и истакна дека тие треба да бидат одговорни и отчетни за граѓаните. Тој истакна дека од 2013 г. се забележува тренд на зголемување на транспарентноста на организациите, и им честиташе на членките на мрежата на СЕЛДИ со високи оценки за транспарентност. МЦМС беше оценета со највисока оцена 5. Повеќе информации може да се најдат на www.transparify.org/get-five.

Конференцијата е организирана во рамките на проектот „Граѓанско општество за добро владеење во ЈИЕ: градење на капацитети за следење, застапување и подигање на јавната свест (СЕЛДИ)", финансирано од Европската Унија. Покрај МЦМС, партнери на проектот од Македонија се Институт за демократија Социетас Цивилис – Скопје (ИДСЦ) и Институт за економски стратегии и меѓународни односи Охрид.